# Екстремни ставови и однесувања на верски план во Р. Македонија како елемент на загрозување на безбедносната состојба во државата (период 1998 - 2008 година)

**Апстракт:** Р. Македонија со Устав ја регулира заштитата на слободата на уверување и вероисповест со примена на концептот на човекови права и базични слободи втемелен со релевантна меѓународна легислатива.

Екстремните ставови и однесувања на верски план во Р.Македонија како комплексен феномен предизвикуваат верска нетрпеливост и екстремизам, односно ризици и закани во насока на загрозување на безбедносната состојба. Покрај кривично-правната компонента, и оштествената контрола има големо влијание на овој феномен. Кривичните дела (пред се делото Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост) се детерминирани и предизвикани од екстремните ставови и однесувања на верски план во Р.Македонија и упатуваат на влијание на интеракциските односи од верски аспект. Ваквите дела не доведоа до загрозување на безбедносната состојба, но државата со своите механизми на инкриминирање на овие дела превентивно спречи загрозување на безбедносната состојба. Овој феномен претставува асиметрична закана и налага преземање комплексни активности од кривични, криминолошки, криминалистички, социолошки и други аспекти заради искористување на сите ресурси и субјекти за надминување и совладување на сите можни ризици, закани и последици.

Воспоставување на демократија, владеење на правото, ефикасна безбедносна служба која ќе го штити правото и демократијата и меѓународна соработка претставуваат основни начела за сузбивање на овој феномен во светот и кај нас.

**Клучни зборови**: човекови права и слободи, вероисповест, меѓународна легислатива, екстремни ставови и однесувања, верски план, предизвикување на национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост, загрозување на безбедносната состојба, асиметрична закана, сузбивање, безбедносна служба....

**Extreme religious views and attitudes in the Republic of Macedonia jeopardizing the security situation in the country**
**(1998-2008)**

**Abstract:** The Constitution of the Republic of Macedonia guarantees the protection of religious freedom applying the concept of human rights and liberties based upon international law. The extreme religious views and attitudes in the Republic of Macedonia are complex phenomena causing religious intolerance and extremism, i.e. risks and threats, thus jeopardizing the security situation. Besides criminal law, social enforcement has major influence upon this phenomenon. Criminal acts (such as inciting national, racial and religious hatred, discord and intolerance) are determined and provoked by extreme religious views and attitudes, and imply religious interaction. These acts have not put into risk the security situation, and the country's mechanisms of incriminating of such acts have prevented security hazards. This phenomenon presents asymmetric threat and so it necessitates complex criminal, criminological, social and other activities in order to make use of all resources and subjects to overcome all possible threats and consequences.

Nowadays, the basic principles for eradication of this phenomenon include the establishment of democracy, law enforcement, international cooperation, and efficient security service able to protect law and democracy.

**Keywords:** human rights and liberties; religious beliefs; international law; extreme religious views and attitudes; inciting national, racial and religious hatred; discord and intolerance; security hazards; asymmetric threats; eradication; security service.